Република Северна Македонија

Министерство за правда

ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

ноември 2025 година

1. Вовед

Информацијата за примена на Законот за медијација која е изготвена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година, има за цел да ги презентира резултатите од спроведувањето на Законот за медијација, бројот на започнати и завршени медијации со спогодба и без спогодба, бројот на лиценцирани медијатори, спроведувањето на испитот за медијатори, соработката на Министерството за правда со Комората на медијатори и стратешките насоки на медијацијата.

2. Легислатива

Медијацијата како еден од алтернативните начини на решавање на споровите во Република Македонија беше промовирана со донесувањето на Законот за медијација во 2006 година изготвен во согласност со Стратегијата за реформа на правосудниот систем, како и определбата на Република Македонија за интегрирање во европските текови.

Законот за медијација започна да се применува од 01 ноември 2006 година, а во текот на 2007 и 2009 година беа извршени измени и дополнувања на законот заради доуредување и прецизирање на законските одредби. Целта на воведувањето на медијацијата беше растеретување на судовите од огромниот број на предмети кои би се решавале по пат на медијација и тоа пред поведувањето на судска постапка или страните кои имаат спор да бидат упатени од судот на спогодбено решавање на спорот по пат на медијација.

Во 2013 година беше донесен Закон за медијација („Службен весник на Република Македонија“ бр.188/13, 148/15, 192/15 и 55/16), кој имаше за цел унапредување на функционирањето на медијацијата во правниот систем, со кој во Министерството за правда се формираше и Одбор за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на медијацијата во состав од 10 члена претставници од Комората на медијатори, Судскиот совет, Адвокатската комора, Комора на психолози, Министерство за правда, Министерство за економија, Министерство за труд и социјална политика, Стопанските комори, Здружението на потрошувачи и професор од високообразовна установа, кој требаше да ја следи медијацијата, да акредитира програми за обука на медијатори и да врши евалуација на медијаторите во нивното работење, но истиот не беше функционален поради неговиот состав.

Со цел јакнење на концептот на медијација во 2021 година, се донесе нов Закон за медијација („Службен весник на РСМ“ бр.294/21), со цел создавање на квалитетен и успешен модел на медијацијата, се промени системот на електронското полагање на испитот за медијатор, Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на медијацијата се замени со Национален координатор и Национален совет за медијација како тело на Владата на РСМ, со цел издигнување на медијацијата на едно повисоко ниво, се усогласи водењето на евиденцијата на постапките за медијација помеѓу Регистарот за медијации кој се води Министерството за правда и во кои медијаторите сами ги впишуваат медијациите и посебните евиденции што ги водат медијаторите.

3. Започнати и завршени медијации

Согласно членот 16 од Законот за медијација, Министерството за правда води Регистар на примени барања за медијација во кој медијаторите имаат овластен електронски пристап и кој им овозможува директен внес на податоците по однос на барањата поднесени до нив. Медијаторите се должни веднаш а најдоцна во рок од три дена од денот на приемот на барањето, истото да го внесат во Регистарот и да продолжат со тековно внесување на сите потребни податоци заклучно со крајниот исход на постапката.

Медијацијата се применува при имотно правни спорови што произлегуваат од оставински постапки, семејни спорови, работни спорови, трговски спорови, потрошувачки спорови, осигурителни спорови, спорови што произлегуваат од постапките на нотарски платни налози, спорови од областа на образованието, спорови од областа на безбедност и здравје при работа, спорови од областа на здравствената заштита, спорови од областа на заштитата на животната средина, спорови во врска со дискриминацијата, спорови поврзани со граѓанска одговорност за навреда и клевета и во други спорни односи каде што медијацијата одговара на природата на спорните односи и може да помогне за нивно разрешување настанати меѓу домашни и/или странски физички и правни лица. Медијацијата се применуваат и во кривични предмети, доколку со посебен закон поинаку не е определено.

Табела на постапки за медијација за 2024 и 2025 година

Вид на спор	Година	Вкупно	Спогодба	Без спогодба
Имотно правни	2024	20	16	4
Осигурителни		12	1	11
Потрошувачки		2	0	2
Работни		30	30	0
Семејни		2	1	1
Трговски		372	19	353
Спорови во областа на образование		2	2	0
Спорови во областа на животната средина		1	0	1
Разно		3	1	2
		445	**70**	**375**

Вид на спор	Година	Вкупно	Спогодба	Без спогодба
Осигурителни	2025	28	1	27
Работни		22	22	0
Трговски		183	19	164
		233	**42**	**191**

Од 01.01.2025 година до 01.11.2025 година, лиценцираните медијатори пријавиле во Електронскиот регистар до Министерство за правда 233 спроведени постапки за медијација од кои 42 завршиле со спогодба а 191 без спогодба.

Притоа ако се анализираат вкупните бројки на предмети внесени во електронскиот регистар за периодот за 2025 година во однос на претходната година 2024 година, се забележува намалување на вкупниот број на постапки за медијација за 212 предмети. Во однос на видот на спорот на предмети завршени со спогодба и понатаму процентот на успешноста е најголем во сферата на работните односи, додека кај осигурителните спорови , како и кај трговските и стопанските спорови каде постои задолжителен обид за медијација за спорови до 1.000.000,00 денари, бројот на завршени предмети со спогодби е многу низок . Во однос на видот на спор за кои се водени постапки за медијација се

констатира дека во 2025 година не се евидентирани имотно правни спорови, потрошувачки спорови, спорови од здравствената заштита, спорови од областа на образованието, семејни спорови, ниту кривични спорови што покажува дека во овие сфери не се применува медијацијата како начин на решавање на спорови. Ваквата состојба укажува дека е потребно унапредување на концептот на медијацијата и претставува индикатор за потребата од континуирано и интензивно да се работи на промоција на медијацијата, особено во сферата на стопанството.

4. Лиценцирани медијатори

Согласно член 40 од Законот за медијација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.294/21), Именикот на медијатори го води Комората на медијатори на Република Северна Македонија и истиот задолжително се објавува на веб страницата на Комората, Министерството и на веб страниците на судовите. Именикот на медијатори е објавен на веб страницата на Министерството за правда и во него се запишани 46 медијатори. Оваа не е вистинска бројка на активни медијатори од причина што на некои од запишаните медијатори не им се заменети лиценците за медијатори на неопределено време од страна на Националниот совет за медијација, а некои медијатори вршат и други професии кои се неспоиви со медијацијата.

Националниот совет за медијација, извршил замена на лиценците на лиценцираните медијатори од определено на неопределено време на 30 медијатори, но сеуште има медијатори кои имаат поднесено барање за замена на лиценците до Националниот совет за медијација, а на кои не им се заменети лиценците.

5. **Испити за медијатор**

Во однос на одржувањето на испитот за медијатори, според член 55 од Законот за медијација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.294/21) предвидено е да се полага еднаш во текот на годината според Програмата за полагање на испит за медијатори. Испитот го спроведува Комисија формирана од министерот, во состав од пет члена и нивни заменици кои се истакнале во областа на медијацијата и имаат професионално искуство.

Министерот за правда нема формирано Комисија за полагање на испитот за медијатори од причина што не може да се спроведе психолошки тест и тест на интегритет

издаден од лиценцирано стручно лице, согласно членот 54 став (1) точка ѓ) од Законот за медијација и воопшто целата постапка за спроведување на испитот не е спроведлива, поради што потребни се измени на Законот за медијација во овој дел.

6. Национален совет за медијација

Согласно членот 63 од Законот за медијација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.294/21) се формира Национален совет за медијација кој претставува посебно тело на Владата на Република Северна Македонија. Според членот 70 од Законот за медијација, во рок од три месеци од денот на влегување во сила на Законот за медијација, а кој влезе во сила во јануари 2022 година, Владата требаше да именува Национален координатор за медијација и да спроведе постапка за избор на членови на Советот. Владата после 6 месеци од денот на влегувањето во сила на Законот за медијација избра Национален координатор односно Владата донесе Решение број 14-5540/1 од 21 јуни 2022 година, со кое за Национален координатор за медијација е избрана Јелисавета Георгиева Јовевска, а на 6 септември 2022 година, избрани се членови и секретар на Националниот совет за медијација, кое претставува посебно тело при Владата на РСМ и кое треба да го следи и оценува квалитетот на работите на медијацијата, независно и самостојно во рамки на својот делокруг на работење (издавање на лиценци за медијатори, лиценци за обучувачи, акредитирање на програми за обука на медијатори, вршење на мониторинг и евалуација на квалитетот на работењето врз основа на методологија, дава иницијативи за подобрување на законските решенија, мислења за предлози на закони од областа на медијацијата и сл.).

Според член 71 од Законот за медијација, подзаконските акти од законот требаше се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на законот. Голем дел од подзаконските акти требаше да ги донесе Националниот совет за медијација. Националниот совет ги изготви подзаконските акти од негова надлежност и по добиената Согласност од Владата за донесување на подзаконските акти, истите не ги објави во Службен весник на РСМ и од тие причини не беа во сила. Врз основа на изготвените, а необјавени подзаконски акти, Националниот совет за медијација започна со подготовка за евалуација на работењето на медијаторите и издаде лиценци на 24 медијатори, но откако увиделе дека подзаконските акти не ги објавиле во Службен весник на РСМ, Националниот совет донесе решенија за огласување на ништовност на издадените лиценци на 24

медијатори и изготвија нови правилници, кои по добиена согласност од Владата ги објавија во Службен весник на РСМ.

Националниот совет за медијација изготви нови лиценци со кои на 30 медијатори во 2024 и 2025 година им се заменети временските ограничени лиценци за работа, со лиценци на неопределено време, но сеуште има медијатори на кои не им се заменети лиценците на неопределено време, поради што не можат да учествуваат во формирањето и работата на Комората на медијатори, која не функционира од 2024 година поради престанок на мандатот на претходните органи на Комората.

Според член 68 од Законот за медијација, лицата кои до денот на влегувањето во сила на овој закон, се стекнале со лиценца за извршување на медијаторски работи, имаат право во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, да поднесат до Советот барање за замена на временски ограничените лиценци за работа, со лиценци на неопределено време.

Главна пречка за издавање на лиценците на сите медијатори, според Националниот совет е рокот до кога истите можеле да поднесат барање за замена на времено ограничените лиценци со лиценци на неопределено време, односно според Националниот совет само медијаторите кои до 05.07.2022 година поднеле барање за замена на лиценците, можат да го остварат своето право за замена на лиценците.

Ваквото толкување е пречка за издавање на лиценци на сите медијатори, иако Националниот координатор беше избран на 21 јуни 2022 година, а Националниот совет беше формиран на 06 септември 2022 година. Националниот совет рокот определен во Законот за медијација го смета за преклузивен иако фактички Националниот координатор и Националниот совет не се избрани во законските рокови определени со Законот за медијација и не постоеле на 05.07.2022 година, за да можат медијаторите да поднесат барање за замена на лиценците. Од тие причини и медијаторите на кои Националниот совет им ги издал лиценците на неопределено време, барањата ги поднесуваа до Министерството за правда иако министерството не беше надлежен орган за прием на истите. Со ваквото толкување на рокот од законот, директно се оштетуваат голем број на медијатори кои не можат да си го остварат своето право и понатаму да вршат медијации поради тоа што не им се заменети лиценците на определено со лиценци на неопределено време. Ваквиот рок определен во Законот за медијација не може да се смета за преклузивен односно Министерството за правда смета дека истиот е инструктивен и е определен со цел барањата

на медијаторите за замена на лиценците да бидат поднесени во разумен рок и како таков овој рок нема санкција или последица што би резултирала со отфрлање на барањето и запирање на постапката за поднесеното барање.

Владата на двеста дваесет и втората седница одржана на 22 јануари 2024 година, ја усвоила финансиската конструкција за работата на Националниот совет во износ од 1.740.000,00 денари кои средства се префрлени во Буџетот на Министерството за правда.

Владата на Седницата одржана на 5 март 2024 година донела решение за утврдување престанок на мандатот на Националниот кординатор на Јелисавета Георгиева Јовевска која поднела оставка од Национален координатор, а на седницата одржана на 3 април 2024 година донесе решение за именување на Борче Мирчевски за В.Д. Национален координатор за медијација.

Националниот совет за медијација, со допис заведен под број 09-2019/1 од 10.07.2024 година, го извести Министерството за правда дека согласно своите надлежности определени во членот 66, а во врска со членот 68 од Законот за медијација, извршил замена на лиценците на лиценцираните медијатори од определено на неопределено време на 25 медијатори.

Владата на седницата одржана на 5 јули 2024 година донесе решение за разрешување од должност на В.Д. Националниот координатор за медијација, со кое Борче Мирчевски се разрешува од должноста вршител на должноста Национален координатор на медијација.

Со Решение бр. 18-1800/1 од 11.02.2025 година, за нов Националниот координатор за медијација е именуван Љупчо Сотировски.

Иако Националниот совет е тело на Владата, Владата на Република Северна Македонија на двеста дваесет и втората седница одржана на 22 јануари 2024 година под Точка 1: „Информација за потребите за непречено функционирање на националниот совет за медијација во 2024 година“, усвои 2 заклучоци со кои:

I. Се задолжува Министерството за правда во континуитет на месечно ниво, согласно динамиката и потребите, редовно да прави исплата на средствата наменети за Националниот совет за медијација, од Раздел 070.01 – Министерство за правда, Потпрограма 11 – Национален совет за медијација, обезбедени во износ од 1.740.000,00 денари за истиот и

II. Се задолжува Министерството за правда тековно и за 2024 година, да обезбеди просторија (канцеларија) за Националниот совет за медијација како и да даде дозвола Националниот совет за медијација да ја користи доделената архивска единица при Министерството за правда, со цел непречено функционирање на истиот, иако според член 3 точка е) од Законот за медијација („Службен весник на РСМ“ бр. 294/21), Националниот совет за медијација е тело на Владата на Република Северна Македонија.

Министерството за правда постапувајќи по заклучоците од Влада, обезбеди простории за Националниот совет за медијација и отвори посебна наменска сметка, во која во Буџетот на Министерството за правда се префрлуваат пари и преку која се исплаќаат пари на Националниот совет за медијација.

7. Соработка на Министерството за правда со Комората на медијаторите

Соработката со Комората на медијаторите и понатаму се одвива отежнато, пред се заради немањето на просторни и организациски услови за работа на Комората и нефункционирање на Комората.

На 26.02.2024 година на претседателот и на членовите на органите на Комората на медијатори им престана мандатот, а Комората нема постапено по член 46 од Законот за медијација односно изборното Собрание не е закажано 60 дена пред истекот на мандатот на органите на Собранието. На Изборното собрание е потребно присуство од најмалку половина од вкупниот број медијатори запишани во Именикот, а на голем број медијатори Националниот совет не им ги обнови лиценците за медијаториодносно не им беа заменети временски ограничените лиценци со лиценци на неопределено време, поради што не можат да учествуваат во формирањето на органите на Комората.

8. Меѓународни активности во врска со медијацијата

Министерот за правда на 7 август 2019 година, во Сингапур ја потпиша Конвенцијата на Обединетите нации за меѓународни договори за спогодување што произлегуваат од Медијацијата (Сингапурска Конвенција). Сингапурската Конвенција е првиот мултилатерален договор за олеснување на признавањето и извршувањето на договорите

за спогодување кои произлегуваат од медијација, на меѓународно ниво. Сингапурската конвенција е дизајнирана да стане суштински инструмент во олеснувањето на меѓународната трговија и во унапредувањето на медијацијата како алтернативен и ефикасен метод за решавање на трговските спорови. Истата сеуште не е ратификувана од страна на Собранието на Република Северна Македонија.

9. Стратешки насоки за Медијацијата

Министерството за правда, е определено и понатаму да го развива и унапредува концептот на медијација, при што медијацијата ја дефинираше како стратешка цел во новата Развојна секторска стратегија за правосудство 2024-2028 година, која содржи соодветни акивности во насока на унапредување и натамошен развој на медијацијата. Стратегијата е донесена и објавена на веб страната на Министерството за правда.

Според Акцискиот план за спроведување на развојната стратегија за правосудство 2024-2028 година, како мерки за развој на медијацијата се предлага донесување на Закон за ратификација на Сингапурската конвенција за медијација до 2027 година, воспоставување систем за зајакнување на вештините и професионалните капацитети на медијаторите и обезбедување простории за работа на Комората на медијатори со средства од Буџетот на РСМ, воведување задолжителен обид за медијација во поединечни постапки врз основа на претходно изготвена анализа, изработка на програма за развој на медијацијата од Владата на РСМ, изработка на посебна годишна програма за поддршка на медијацијата од Судскиот совет на РСМ.

Исто така, медијаторите треба да ги преземат сите разумни чекори за да обезбедат соодветно ниво на квалитетот и компетентноста на нивните услуги. Според претходната Стратегија, поради сè уште нискиот процент на предмети кои биле предмет на медијација во однос на бројот на судски предмети, во извештајот на Европската Комисија за напредокот за 2022 година е утврдено дека фокусот треба да се стави на постигнување 10% од судските предмети решени со медијација на годишно ниво.

10. Обврски на Владата на РСМ и Судскиот совет според Законот за медијација

Според член 34 од Законот за медијација Владата на Република Северна Македонија донесува Програма за развој на медијацијата, во која се определуваат мерки за поддршка и развој на медијацијата и финансиски средства за реализација на програмата во која ги опфаќа областите на подобрување на стручните вештини на медијаторите, едукација, информирање, промоција, европско право, соработка со стопанство, поддршка на истражувања, деловна етика, меѓународни стандарди за решавање спорови со медијација и друго. Програмата се донесува за период од 4 години, а средствата за спроведување и реализација на Програмата се обезбедуваат од средствата на Буџетот на Република Северна Македонија.

Владата на Република Северна Македонија нема донесено Програма за развој и поддршка на медијацијата согласно Законот за медијација.

Според истиот член од Законот за медијација и Стратегијата за развој на правосудството за 2024-2028 година, Судскиот совет на РСМ донесува Посебна годишна програма за поддршка на медијацијата. Судскиот совет нема изготвено Посебна годишна програма за поддршка на медијацијата.